РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.СТ.053.01

# СТРАТЕГИЈА
# ЗА ИНТЕГРИТЕТ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2025-2028

Март 2025

## Содржина


1. Вовед ..... 5
2. Цели на Стратегијата ..... 5
3. Стратешки активности ..... 7
   3.1 Лидерство ..... 7
   3.2 Владеење на правото ..... 8
   3.3 Јавност и транспарентност во работењето ..... 8
   3.4 Автоматизација на работните процеси ..... 9
   3.5 Етичко однесување на вработените ..... 10
   3.6 Јакнење на интегритетот на вработените ..... 11
   3.7 Зајакнување на ефикасноста и ефективноста во работата на организационите единици во Царинската управа ..... 11
   3.8 Обуки и професионален развој ..... 12
   3.9 Вработување, селекција и унапредување ..... 13
   3.10 Креирање на правичен систем на плати и наградување на вработените во Царинската управа ..... 14
   3.11 Стратешко прераспоредување и ротација на вработените ..... 14
   3.12 Морална и организациска култура ..... 15
   3.13 Надлежност и одговорност на раководството ..... 15
   3.14 Развивање на системи на само-проценка на високо ризични процеси ..... 17
   3.15 Спречување на судирот на интереси при превземање на службени дејствија ..... 17
   3.16 Односи со други учесници во царинската постапка ..... 18
   3.17 Унапредување на работната средина ..... 19
   3.18 Зајакнување на меѓуинституционалната соработка во борбата против корупцијата и криминалот ..... 20
   3.19 Имплементација на Политиката за интегритет и Националната стратегија за превенција и репресија на корупцијата и појавата на судир на интереси ..... 21
4. Завршни одредби ..... 21

| Историја на документот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

| Референтни документи | |
|---|---|
| Референца | Наслов на документот |
| Закон за Царинската управа | „Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015, 23/2016, 120/2018, 122/21 и 3/25. |
| Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси | „Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019 |
| Закон за заштита на укажувачи | Службен весник на Република Македонија" бр. 196/2015 и 35/2018 |
| Договор за асоцијација и стабилизација (SSA) | Извештај за напредокот |
| Европска Комисија | Придонес на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на ЕК |
| Владина стратегија | |
| Светска Царинска организација (WCO) | Ревидирана Аруша декларација, Прирачници и Водичи |
| Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акционен план 2021-2025 | |
| Политика за интегритет | |

| | |
|---|---|
| Стратегија за развој на Царинската управа на Република Северна Македонија со Акционен план 2025-2027 | Стратешки цел: Спроведување на мерки за спречување на несоодветно и коруптивно однесување и развој на системи на правила и контрола |
| Педесета седница на Влада на Република Северна Македонија од 02.03.2021 | План за борба против корупција |

| Термин или кратенка | Значење |
|---|---|
| ЦУ | Царинска управа |
| ЕУ | Европска Унија |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015, 23/2016, 120/2018, 248/18, 122/21 и 3/25), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# СТРАТЕГИЈА ЗА ИНТЕГРИТЕТ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2025-2028

## 1. Вовед

Интегритетот е прашање од суштествено значење кое има влијание на легитимитетот и капацитетот за ефикасно исполнување на основната мисија и визија на Царинската управа на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Царинската управа), поради што успешноста во справувањето со корупцијата, бескомпромисната и неселективна борба против овој вид криминал е апсолутен приоритет на нашата институција.

Царинската управа тргнува од определбата за успешно спречување на корупцијата и последиците од неа, кои влијаат во разградување на општествениот систем и на основните општествени вредности, во уривање на демократските институции и попречување на владеењето на правото во злоупотребување на институционалните капацитети во полза на нелегални цели и интереси, што воедно претставува и дел од стратешките Евроатлански цели и интереси на Република Северна Македонија.

Стратегијата за интегритет и борба против корупција во Царинската управа на Република Северна Македонија 2025-2028 (во понатамошниот текст: Стратегија) ги следи и е во согласност со препораките содржани во Ревидираната Аруша декларација.

## 2. Цели на стратегијата

Стратегијата за интегритет и борба против корупцијата на Царинската управа има за цел јакнење на системите на превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси, дефинирање на правците за јакнење на капацитетите и независноста на институцијата во спроведување на законските овластувања преку развој на концептот на интегритет.

Поимот интегритет подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице и вработени во неа.

Поимот интегритет во себе ги вклучува индивидуалниот и институционалниот интегритет. Индивидуалниот интегритет подразбира личен однос кон прашањата на корупција, судирот на интереси, јавниот интерес и способност да се изгради отпорност како сопствен начин на работа и во донесување на одлуките, отчетност, професионалност и коректност во извршување на надлежностите утврдени со законите и со другите прописи.

Институционалниот интегритет значи „отпорност кон корупција" и подразбира воспоставен систем од политики, стандарди, механизми и процедури кои го намалуваат ризикот од корупливно однесување од страна на вработените, а воедно ги мотивира кон чесен и професионален однос при извршување на службените должности.

Под корупција се подразбира:

- Злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.
- Пасивна корупција е намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.
- Активна корупција е намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник , ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Корист претставува остварување на секој вид материјална или нематеријална придобивка, погодност или предност за себе или за друг.
Судир на интереси подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

## 3. Стратешки принципи

Стратегијата за интегритет и борба против корупција во Царинската управа на Република Северна Македонија 2025-2028 се темели на следните елементи, кои во исто време претставуваат и водечки принципи, суштествени за интегритетот и сузбивањето на корупцијата:

- Лидерство,
- Владеење на правото,
- Јавност и транспарентност во работењето,
- Автоматизација на работните процеси,
- Етичко однесување на вработените,
- Јакнење на интегритетот на вработените,
- Зајакнување на ефикасноста и ефективноста во работата на рганизационите единици во Царинската управа,
- Обуки и професионален развој,
- Вработување, селекција и унапредување,
- Креирање на правичен систем на плати и наградување на вработените во Царинската управа,
- Стратешко прераспоредување и ротација на вработените,
- Морална и организациска култура,
- Надлежност и одговорност на менаџментот,
- Развивање на системи на само-проценка на високо ризични процеси,
- Спречување на судирот на интереси при преземањето на службени дејствија,
- Односи со другите учесници во царинската постапка,
- Унапредување на работната средина,
- Зајакнување на меѓуинституционалната соработка во борба против корупцијата и криминалот и
- Имплементација на Политиката за интегритет и Националната стратегија за превенција и репресија на корупцијата и појавата на судир на интереси.

### 3.1 ЛИДЕРСТВО

Прифаќањето на силна лидерска улога за одржување на високо ниво на интегритет во сите аспекти на царинското работење е обврска на раководниот тим на Царинската управа. Одговорноста за успешното спречување на корупцијата и судирот на интереси ја имаат највисоките раководители во институцијата.

Поддршката и демонстрирањето на конзистентност во посветеноста и заложбите во борбата против корупцијата, судирот на интереси, злоупотребата на службените

овластувања, непрофесионалното и неотчетно однесување, е приоритет на највисокото раководство, што е од клучна важност за ефикасна реализација на Стратегијата.

## 3.2 ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Владеењето на правото значи постапување на вработените во Царинската управа согласно Уставот и законите, подзаконските прописи на Царинската управа, како и ратификуваните меѓународни договори и Ревидираната Аруша декларација.

Со цел да се обезбеди владеење на правото, Царинскиот закон, Законот за Царинската управа и другите закони кои ја регулираат царинската и друга материја, подзаконските акти, оперативните инструкции и други интерни документи треба да бидат усогласени и поедноставени во најголема можна мерка и да бидат јасно и прецизно формулирани.

Внатрешните оперативни инструкции и интерни документи на Царинската управа треба да се изработуваат и подготвуваат на транспарентен начин кој ќе го намали ризикот од нивно неправилно применување, а истовремено ќе предвидуваат и обезбедуваат соодветни контролни механизми.

Царинската управа постојано ќе ја преиспитува царинската регулатива, внатрешните оперативни инструкции и интерни документи, со цел да обезбеди намалување на ризикот од повреда на владеењето на правото и ќе се стреми кон постојани реформи и осовременување на своите системи и постапки.

## 3.3 ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Учесниците во царинските постапки очекуваат високо ниво на сигурност и поддршка во контактите со Царинската управа. Нужно е да се работи транспарентно, отчетно и одговорно и со целосна афирмација на принципите на стручност, компетентност и професионалност во извршувањето на работите и задачите.
Отчетноста вклучува транспарентност во работата и систем на внатрешна и надворешна проверка.

Тоа значи дека Царинската управа прифаќа да даде одговор на прашањата за нејзините одлуки и дејствувања и е спремна да ги прифати последиците од евентуалните злоупотреби на овластувањата.

Царинската управа и натаму интензивно ќе работи на зголемување на свеста на вработените за значењето на транспарентноста од аспект на запознавање на јавноста со нејзината улога, плановите за работењето и осознавање на проблемите на клиентите, а преку воведување на системи и процедури за зголемување на квалитетот и обемот на комуникација со јавноста.

Царинскиот закон, Законот за Царинската управа и другите закони кои се во нејзина надлежност, подзаконските акти, оперативните инструкции и други интерни документи треба да се јавни, лесно достапни до јавноста, и да се применуваат на еднообразен и конзистентен начин.

Со цел да се изготви што е можно појасна и попрецизна царинска регулатива, Царинската управа редовно ќе контактира со деловната заедница, преку формираните тела и работни групи, со цел заедничко разгледување на актуелни прашања поврзани со примена на изменетата регулатива и донесување на нова.

Јавноста и транспарентноста се обезбедува со воспоставување на брза и ефикасна контрола и жалбена постапка која на странките ќе им овозможи да ги бараат своите права во однос на потенцијалните погрешни или несоодветни царински одлуки.

Царинската управа ќе развива и имплементира жалбени и контролни постапки кои ќе обезбедат соодветен баланс помеѓу потребите процесот да не биде оптоварен со трошоци, но исто така да биде навремен и пристапен за сите учесници во царинската постапка.

Царинската управа и натаму ќе се залага за широка употреба на печатени и електронски медиуми, како што се веб и интранет страни, брошури, текстуални пораки, семинари, работилници и други комуникациски канали, со цел навремено информирање на сите засегнати страни, учесници во царинските постапки.

## 3.4 АВТОМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ

Автоматизацијата на работните процеси ја зголемува ефикасноста и ефективноста во работењето, го намалува личниот контакт, лице в лице, помеѓу царинските службеници и учесниците во царинската постапка и го намалува нивото на дискрециони права на царинските службеници, со што придонесува за отстранување на многу можности за појава на корупција. Автоматизацијата може да доведе до засилена одговорност и да обезбеди можност за подоцнежна контрола во

употребата на дискреционите овластувања како и до нивно намалување.

Царинската управа постојано ќе работи на заменување на рачниот систем на работа, кој може да генерира корупртивна активност, со компјутерски апликации.

Царинската управа ќе се стреми кон највисок степен на автоматизација на работата и кон постојано ревидирање на функционалноста на компјутерските апликации кои се во употреба. Посебно внимание ќе му биде посветено на безбедносниот аспект на компјутерскиот систем, кој може да биде подложен на упади од луѓе со професионални вештини одвнатре во Царинската управа но и надвор од неа.

## 3.5 ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Етичкото однесување на царинските службеници е една од основите на Стратегијата. Кодексот на однесување на царинските службеници праќа моќен сигнал на вработените во Царинската управа, нагласувајќи ги принципите на однесување кои се очекуваат од сите вработени.

Кодексот на однесување на царинските службеници, усогласен со Аруша декларацијата, кој на практичен и недвосмислен начин го утврдува очекуваното етичко однесување на царинските службеници, е достапен до сите вработени во Царинската управа.

Раководителите на сите нивоа задолжително треба да вршат надзор на почитувањето на стандардите на однесувањето од страна на вработените во Царинската управа. За да се развиваат позитивните примери во Царинската управа потребно е позитивно влијание на сите нивоа, а раководителите преку своето доследно однесување ќе ги промовираат пропишаните стандарди, кои ќе ја одржат довербата, добрата репутација и интегритетот на нашата институција.

Во врска со исполнувањето и примената на Кодексот на однесување од секој царински службеник се очекува висок степен на свест за сопствената одговорност и морална цврстина.

Целосната имплементација на Кодексот на однесување ја наметнува потребата од јасна и транспарентна стратегија за етичка обука, а Кодексот да биде широко прифатен од вработените во Царинската управа.

Системот на утврдување на одговорност и понатаму ќе се зајакнува со цел да овозможи вистинска демотивација за коруптивно однесување и обезбедување на висок степен на дисциплинираност на вработените во секојдневното извршување на работните задолженија.

## 3.6 ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Царинската управа контиунирано ќе работи на развојот на политики и системи со цел зајакнување на интегритетот на лично и институционално ниво, со цел одржување и развивање на довербата на јавноста.

Вработените во Царинската управа се должни да ги почитуваат и спроведуваат законските прописи, подзаконските акти, оперативните инструкции и интерни документи, совесно, одговорно, стручно и непристрасно. За да ги почитуваат тие норми и самите да се стекнат со почит, вработените мораат постојано да се однесуваат етички, без оглед дали се на должност или не. Само со професионално, законско и етичко постапување ќе се зајакне интегритетот на вработените, а со тоа и ќе се придонесе за отстранување на можноста за појава на корупција.

Царинската управа ќе се стреми кон обезбедување на поддршка на нејзините вработени во извршување на професионалните задачи преку нејзиното раководство, кое активно ќе го промовира јакнењето на интегритетот.

Царинската управа ќе спроведува политики за управување со човечки ресурси, кои нема да бидат насочени само кон регрутирање на вистинските луѓе, туку и кон подобрување на вештините на вработените и ќе обезбедат квалитетна работна средина, која ги препознава, поддржува и вреднува работните напори на вработените. Како што се очекува висок стандард на работа и интегритет од вработените и тие повратно очекуваат високо ниво на интегритет на институцијата во спроведување на поврзани политики и процедури за човечки ресурси, кои мотивираат, даваат подршка и овозможуваат развој и надградба.

## 3.7 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА ВО РАБОТАТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Зајакнувањето на ефикасноста и ефективноста во работата на организационите единици во Царинската управа, а со тоа и на Царинската управа како целина е можна само со доследно почитување на пропишани норми и стандарди.

Показатели за ефикасноста и ефективноста на Царинската управа се наплатените увозни и извозни давачки, данок на додадена вредност, акцизни и други јавни давачки кои се предвиден со закон, а чија наплата е во надлежност на Царинската управа, откривањето на царински кривични дела и прекршоци, откривањето и заплената на стоки кои се предмет на забрани и ограничувања, дополнително утврдени и наплатени царински и други давачки, издадени царински и акцизни одобренија и лиценци, санкционирањето на царинските службеници во случај на недоследности и коруптивни постапки, неселективноста при утврдување на одговорност, јавност на постапките итн.

Сето тоа е возможно со меѓусебна соработка на организационите единици во Царинска управа, со развивање на систем за редовно информирање за утврдените пропусти и грешки.

За да може да се подобри ефикасноста и ефективноста на Царинската управа, а со тоа просторот за коруптивно однесување на царинските службеници да биде уште повеќе ограничен, неопходно е подобрување на статусот на вработените во Царинската управа, јасно и прецизно да се дефинираат надлежностите и задачите на вработените, а дискреционите овластувања да се анализираат со можност за нивно ограничичување.

## 3.8 ОБУКИ И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Континуираната обука на царинските службеници преку различни степени на едукација, со јасно прецизирани цели ќе обезбеди висок степен оспособеност на царинските службеници во извршувањето на работите и задачите, висок степен на иницијативност, професионалност, морал, етика и стручност во работата.

Неопходно е да се организираат и спроведуваат обуки за царинските службеници, со цел запознавање со царинските прописи, постапки и другите акти на Царинската управа. Едукацијата преку која се промовира професионалното и законско постапување на царинските службеници е еден од примарните чекори за влијание врз свеста на царинските службеници и отпочнувањето на процесот на промени и постигнување на одредени цели.

Обуките имаат голема улога во борбата против корупцијата и тоа на два начина:
- обезбедуваат структуриран професионален развој на вработените, при што се подобруваат нивните работни способности и можности

- овозможуваат поефикасна борбата против корупцијата.

Царинската управа и натаму ќе се стреми кон професионален развој на вработените како и кон развој на културата на континуирано учење преку организирање и спроведување на обуки.

Во насока на превенција на корупцијата, ќе се организираат обуки кои ќе бидат фокусирани на стандардите на однесување кои се очекуваат од сите вработени, на подигнување и промена на свеста на вработените за штетните последици кои ги предизвикува корупцијата преку уривање на општествените вредности и злоупотреба на институционалните капацитети во полза на нелегални цели и интереси. Специјализирани обуки ќе се спроведуваат за раководниот кадар и царинските службеници кои директно учествуваат во борбата против корупцијата.

## 3.9 ВРАБОТУВАЊЕ, СЕЛЕКЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ

Процесот на вработување, селекција и унапредување на царинските службеници мора да биде транспарентен, објективен и ослободен од притисоци или влијанија. Во овој процес покрај користењето на алатки за идентификување на кандидатите кои поседуваат академско и професионално знаење, способности и соодветни компетенции, треба да вклучува и алатки за препознавање на високо ниво на чесност.

Вработувањето, селекцијата и унапредувањето во Царинската управа ќе се врши врз основа на работните способности, посебните знаења на кандидатите, при што посебно ќе се води сметка и за еднакво важните карактеристики како што се чесноста и личното однесување на вработениот.

За да се обезбеди постапките да бидат објективни и отпорни на притисоци, како и да се намалат можностите за непотизам и корупција, Царинската управа ќе ги спроведува преку комисии, кои ќе бидат составени од членови од различни организациони единици во Царинската управа.

Оценувањето на работата на вработените треба да биде објективен процес, кој им овозможува на раководителите да ја оценат целокупната работна изведба и ангажман, да ги идентификуваат можностите за развој, да ги признае и награди најуспешните вработени и да придонесе за постигнување на целите на институцијата. Оценувањето на успешното работење може да обезбеди мотивација

на вработените за постигнување на посакуваните карактеристики на работната изведба и однесување, а истовремено да ги охрабри да превземат одговорност за одржување на високо ново на личен и професионален интегритет.

## 3.10 КРЕИРАЊЕ НА ПРАВИЧЕН СИСТЕМ НА ПЛАТИ И НАГРАДУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Платата и наградите за вложениот труд, нивната сигурност и редовност се во функција на заштита од корупција и коруптивното однесување воопшто. Влијанието на висината на платата во елиминирањето на корупцијата е еден од принципите содржани во Аруша декларацијата и во Лима декларацијата, донесени на меѓународните конференции за антикорупција.

Царинската управа постојано ќе работи на обезбедување на плата на царинските службеници, согласно закон и Колективен договор, која ќе биде доволна да им овозможи пристојна егзистенција, заштита од притисоците при спроведувањето на законите, како и цврст став за некорумпирано однесување.

Паричните награди, бонуси, хоризонталното и вертикално прераспоредување, можноста за обучување во земјата и странство, службените патувања и признанијата ќе се користат за поттикнување на ефикасна работна изведба и чесно однесување.

Санкциите кои се изрекуваат поради непочитување на одредбите од Кодексот на однесување, и другите интерни документи, специфичните услови за работа и високото ниво на чесност кое се бара, мора да бидат прифатени од царинските службеници.

## 3.11 СТРАТЕШКО ПРЕРАСПОРЕДУВАЊЕ И РОТАЦИЈАНА ВРАБОТЕНИТЕ

Царинската управа ќе спроведува стратешко прераспоредување и ротација и повремени прераспоредувања на царинските службеници. Посебно внимание ќе биде посветено на воведувањето на мерки со кои на вработените ќе им се оневозможи да останат подолго време на работното место кое е чувствително на корупција.

Ротирањето треба да се спроведува на начин кој нема да биде контрапродуктивен и нема да овозможи појава на корупција, односно треба да ги земе во предвид како описот на работното место и компетенциите, така и работното искуство, вештини и

знаење на вработените.

Царинската управа ќе ги развива и унапредува воспоставените системи кои имаат за цел отстранување на можностите за развивање на блиски и несоодветни односи со учесниците во царинската постапка и царинскиот службеник, кој има дискрециони овластувања, а заради потенцијалниот ризик, истиот да ги злоупотреби за остварување на корист за себе или друго лице.

## 3.12 МОРАЛНА И ОРГАНИЗАЦИСКА КУЛТУРА

Непостоењето на морална и организациска култура има директна врска со појавата на корупција во организацијата. Царинските службеници поседуваат личен интегритет при делување со воспоставен повисок морал и совесност, во услови каде раководењето со човечките ресурси нуди реални и еднакви можности за развој на кариера и напредување.

Царинската управа ќе се стреми кон креирање на организациона структура која целосно ќе одговара на потребите, целите и вредностите на царинската служба. Притоа во преден план ќе биде обезбедувањето на ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите, насоченост кон учесниците во царинската постапка, независност и одговорност при вршење на службените задачи, хиерархиска поставеност на организациските единици и нивна меѓусебна соработка.

Почитувањето на фундаменталните човекови права, почитувањето на загарантираните со закон права и интереси на учесниците во постапките и бескомпромисното постапување согласно Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори и други прописи донесени врз основа на закон, преку еднаква, непристрасна и објективна примена се основни вредности кон кои се стреми Царинската управа.

## 3.13 НАДЛЕЖНОСТ И ОДГОВОРНОСТ НА РАКОВОДСТВОТО

Од раководните службеници се очекува да покажат јасна и решителна насоченост кон интегритетот, да превземат лидерска улога и да прифатат соодветен степен на обврска и одговорност за одржување на висок степен на морал и совесност во сите сегменти на царинското работење.

Со прифаќањето на раководната должност, за нив се зголемуваат одговорностите и очекувањата од нивното однесувањето во службата и во приватниот живот. Раководните службеници ќе ги идентификуваат слабостите во методите на работа, ќе вршат интерни контроли во организационите единици со кои раководат, ќе превземаат мерки за отстранување на пројавените неправилности и за истите постојано ќе информираат.

Сите раководни службеници ќе сносат соодветно ниво на одговорност и надлежност заради превенција и откривање на корупцијата. Тие ќе прават периодични проценки на работните процеси со цел да ја идентификуваат нивната ранливост од корупција.

Ако однесувањето на раководните службеници не е во согласност со прописите и Кодексот на однесување, со сигурност може да се претпостави дека антикорупциската стратегија ќе биде безуспешна. Затоа, раководните службеници со својот личен пример ќе поттикнуваат доследност во почитувањето на прописите и Кодексот на однесување.

Одржувањето на високо ниво на интегритет претпоставува долгорочна посветеност на раководниот тим на Царинската управа во борбата против корупцијата.

Раководните службеници со своето однесување треба да го поттикнуваат кај своите вработени чуството на лојалност и гордост кон службата, како и желбата за соработка во намалување на коруптивниот простор и нивното изложување на можностите за корупција.

Од суштествено значење во координирањето на активностите за борба против корупцијата е постоењето на Секторот за професионална одговорност. Со цел да биде успешно работењето на Секторот за професионална одговорност, раководниот тим ќе обезбеди сите вработени во Царинската управа да ја разберат неговата улога и неговиот начин на работа во борбата против корупцијата.

Внатрешните истраги и контроли кои ги спроведуваат организационите единици на Царинската управа ќе имаат за цел откривање на непрофесионално однесување на вработените, злопотребата на службените овластувања, како и постапување кое не е во согласност со позитивната законска и позаконска регулатива.

## 3.14 РАЗВИВАЊЕ НА СИСТЕМИ НА САМО-ПРОЦЕНКА НА ВИСОКО РИЗИЧНИ ПРОЦЕСИ

Царинската управа ќе го развива воспоставениот систем на проценка на ризик од појава на корупција во сите сегменти од царинското работење. Изготвувањето на вакви проценки во голема мера ќе го стесни коруптивниот простор и ќе овозможи механизмите на надзор и контрола во работата да бидат поефикасни во превенирањето, но и во откривањето на случаите на корупција.

Внатрешната или надворешна слабост или постапка од било кој вид која претставува можност за појава на корупција во рамките на Царинската управа, ќе биде дел од анализите и процесот на управување со ризици од корупција, кои ќе ја зајакнуваат отпорноста на институцијата од овие појави.

Носители на постапката на управување со ризиците, проценка и идентификација на ризичните места подложни на корупција и натаму ќе бидат раководителите на организационите единици и Секторот за професионална одговорност. Со цел јакнење на индивидуалниот и институционалниот капацитет во постапката на само-проценка на високоризичните процеси ќе се вклучат и сите вработени во Царинската управа.

## 3.15 СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ ПРИ ПРЕВЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ДЕЈСТВИЈА

Судирот на интереси е судир помеѓу службената должност и приватниот интерес на службеното лице, во кој службеното лице има приватен интерес што влијае или би можел да влијае врз непристрасното вршење на неговите службени овластувања и должности.

Царинските службеници дејствуваат со личниот интегритет и индивидуална одговорност во воздржување од вршење функција, должност или дејност поврзана со остварување на профит која е во судир со нивната службена должност. Царинските службеници во случај на судир на интереси, имаат лична одговорност за неговото идентификување и разрешување.

Вршењето на други работи и дејности на царинските службеници е возможно само со претходно одобрение од директорот на Царинската управа. Работите и дејностите

кои се во судир со службената должност на царинските службеници ги пропишува директорот на Царинската управа со писмен акт.

Царинските службеници ќе внимаваат на потенцијалниот судир на интереси и ќе го одбегнуваат, а во случај на сомневање за негово постоење, ќе ги превземат сите неоходни мерки за да го спречат влијанието на нивниот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице, врз извршувањето на нивните овластувања и должности и за тоа ќе го известат нивниот раководител.

При извршување на службените должности и одговорности, царинските службеници ги прифаќаат и се придржуваат на следните водечки принципи за спречување на судирот на интереси:
- остварување на јавниот интерес,
- обезбедување на транспарентност и надзор,
- индивидуална одговорност и давање личен пример и
- воспоставување култура на нетолерантност на судирот на интереси.

## 3.16 ОДНОСИ СО ДРУГИ УЧЕСНИЦИ ВО ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА

Царинската управа и натаму ќе негува отворени и транспарентни односи со другите учесници во царинската постапка. Царинската управа ќе развива политика на отворена, транспарентна средина, која им дава подршка на сите учесници во царинската постапка.

Царинската управа каде што е потребно ќе го продолжи процесот на собирање на информации со давање на гаранција за анонимност. Ова се практикува со воспоставената бесплатна отворена царинска телефонска линија 197 и електронската пријава (on line), на кои граѓаните и правните лица се охрабруваат да ги пријавуваат коруптивните активности во Царинската управа.

Нашата институција е меѓу првите во државата која назначи овластено лице за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно пријавување, во случај на сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело, или друго незаконско постапување со кое се загрозува јавниот интерес, а податоците и начинот на пријавување се објавени на веб страната на ЦУ.

Царинската управа ќе ги развива воспоставените алатки за прибирање на информации од учесниците во царинската постапка преку кои можат да достават

сугестии, поплаки, пофалби и барања за информации и податоци, но и ќе воведува нови, со што ќе ја зголеми и зајакне соработката во сите сегменти на царинското работење.

Преку Советодавното тело кое претставува форум на размена на меѓусебни мислења, во кое учествуваат претставници од деловната заедница, преку разни форми на здружување,ќе се разгледуват актуелни прашања од областа на царинското работење како и нивните барањата и посебни потреби.

Царинската управа интензивно работи на зголемување на свеста на вработените за значењето на транспарентноста од аспект на запознавање на јавноста со улогата на Царинската управа, плановите за нејзиното работење и осознавањето на проблемите на клиентите.

Постојано се работи на подигнување на свеста на вработените за значењето на јавното мислење за работата на Царинската управа и се воведуваат системи и процедури за зголемување на квалитетот и обемот на комуникација со јавноста.

Царинската управа и натаму ќе спроведува сопствени испитувања на мислењето и ставовите на деловната заедницата и граѓаните за нивото на изложеност и присутност на корупцијата во нашата институција.
Анализите на податоците добиени со истражувањата ќе служат за определување на можните насоки преку кои ќе се постигне подобрување при спроведувањето на сите царински постапки. Истовремено тие ќе бидат основа за креирање на политиката на спречување на корупцијата и судир на интереси, односно ќе придонесат за правилно одредување на идните конкретни активности во областа на борбата против корупцијата, градењето и унапредување на интегритетот во Царинската управа.

## 3.17 УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНАТА СРЕДИНА

Свесна дека условите за работа на вработените влијаат на нивната мотивираност и ефикасност при извршување на нивните работни задолженија, Царинската управа континуирано ќе се залага кон натамошно унапредување на условите за работа, преку обезбедување на здрава и безбедна работна средина.
Покрај обезбедување на соодветни просторни услови за работа, основна канцелариска и информатичка опрема, ќе се обезбедува и специјална опрема неопходна за извршување на специфичните надлежности на Царинската управа.

Со целосното обезбедување на правата од работен однос, залагање на еднакви можности, елиминирањето на дискриминација, притисок и вознемирување од било каков вид на вработените, ќе се влијае на намалување на појавата коруптивните активности.

## 3.18 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И КРИМИНАЛОТ

Воспоставената меѓуинституционална соработка и унапредувањето на истата, претставува рамка низ која се изразува согласноста на органите на државната управа во спречување и откривање на појавните форми на корупцијата. Можностите за коруптивно однесување ќе се намалат со унапредување на соработката на Царинската управа и другите органи на државната управа во борбата против корупцијата и криминалот воопшто.

Од исклучително значење е целосна имплементација на склучениот:
- Протокол за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси и натамошно зајакнување на соработката помеѓу Царинската управа преку Секторот за професионална одговорност со Одделението за гонење на сторителите на кривични дека од областа на организираниот криминал и корупција при Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Државната комисија за спречување на корупцијата и други институции и
- Протокол помеѓу Министерството за внатрешни работи - Бирото за јавна безбедност и Царинската управа за спроведување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии.

Овие протоколи ќе овозможат унапредување на соработката помеѓу институциите и зајакнување на активностите во борбата со организираниот криминал, нелегалната трговија и корупцијата.

Царинската управа ќе го имплементира и склучениот Меморандум за соработка и користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење на пари, за користење на веб апликацијата која ќе го олесни собирањето и обработката на статистичките податоци за предметите за случаите на корупција и перење пари и други податоци од значење за градење на анти-корупциската политика.

Царинската управа ќе остварува непосредна соработка со Јавното обвинителство и надлежната организациона единица во Министерството за внатрешни работи, особено во случаите кога основано се сомнева дека кривичните дела против службената должност се извршени од страна на вработени лица во Царинската управа.

Притоа ќе се залага за примена на посебни истражни мерки, а заради обезбедување на податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се соберат.

### 3.19 ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ИНТЕГРИТЕТ И НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА И ПОЈАВАТА НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Царинската управа и натаму ќе биде активен субјект во реализација на Политиката за интегритет и Националната стратегија за превенција и репресија на корупцијата и ќе се залага за успешно и ефикасно остварување на утврдените активности. За таа цел Царинската управа планира и спроведува активности за целосна реализација на обврските кои произлегуваат од овие два документи.

Покрај тоа Царинската управа активно партиципира во креирањето на антикорупциските активности и ќе ја продлабочува соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата, која врз основа на своите законски надлежности утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ги носи националните стратегии, кои се одраз на националната политика за спречување на коруптивното однесување.

## 4. Завршни одредби

Спроведувањето на оваа Стратегија се врши преку донесување на 01.10.00.СТ.053.01-ОБ.01.01 Акционен план за период 2025-2028 година.

Секторот за професионална одговорност ќе ја следи имплементацијата на Стратегијата, за што ќе го информира директорот на Царинската управа.

Секторот за професионална одговорност ќе обезбеди објавување на оваа Стратегија на интранет страната на Царинската управа.

Непосредните раководители се должни со оваа Стратегија да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

Со донесувањето на Стратегијата за интегритет и борба против корупцијата на Царинската управа на Република Северна Македонија 2025-2028, престанува да важи 01.10.00.СТ.040.01 Стратегијата за интегритет и борба против корупцијата на Царинската управа на Република Македонија 2019-2022 број 01-034636/19-0001 од 08.05.2019 година.

Бобан Николовски,
Директор

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ЦАРИНСКА УПРАВА · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT - MINISTRIA E FINANCAVE - DREJTORIA E DOGANAVE · СКОПЈЕ-SHKUP

Бр. 01-017878/25-0001
Скопје, __________.2025 г.
21 -03- 2025

ЗАПИСИ:
- 01.10.00.СТ.053.01-ОБ.01.01 Акционен план 2025-2028 година

| | |
|---|---|
| Стратегијата ја подготви: | Сектор за професионална одговорност |
| Примателии: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за професионална одговорност<br>Архива |